## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за јавнообвинителска служба |
| Одговорно лице и контакт информации: | Катерина Гичев<br>Контакт: kgichev@justice.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒ Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐ НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☒Друго (Реформска Агенда чекор од подобласт 5.2. со рок јуни 2025) |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | Нема |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | Јуни 2025 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Јуни 2025 |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Заради специфичноста на работите кои се извршуваат во јавните обвинителства, со овој закон се уредува посебен статус на јавнообвинителските службеници. Согласно Развојната секторска стратегија за правосудство 2024-2028 со Акциски план 2024-2028 година, во првата приоритетна областа СУДСТВО И ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО СОГЛАСНОСТ СО СТАНДАРДИТЕ НА ЕУ една од клучните мерки за остварување на независноста е обезбедување на неопходни ресурси за функционирање на јавните обвинителства.

Мерката 1.1.3 од Акцискиот план на стратегијата предвидува изземање на судските и јавнообвинителските службеници од статусот на административни службеници, а показател на ниво на резултат се донесени законски измени со кои судските и јавнообвинителските службеници не се сметаат повеќе за административни службеници.

Во Реформската агенда ОБЛАСТ НА ПОЛИТИКА 5: ФУНДАМЕНТАЛНИ ВРЕДНОСТИ/ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО Подобласт 5.2. Независност, квалитет и интегритет на судството со рок јуни 2025 предвиден е следниот чекор:
„Чекор: Донесување измени на законите со кои се регулираат платите на судиите и обвинителите, како и на судската и обвинителската служба (до јуни 2025 година). Почетната вредност (2024 година) е 0. Законите кои ги регулираат платите на судиите и обвинителите, како и на судската и обвинителската служба се Законот за платите на судиите, Законот за платите на јавните обвинители, Законот за судска служба и Законот за јавнообвинителска служба. Од четирите закони, изготвен е првиот предлог-Закон за судска служба. Покрај измените за зголемување на платите, предвидено е да се овозможи вработување на судски кадар без претходно одобрение од Министерството за финансии и Министерството за јавна администрација. Сепак, ќе се изврши првична идентификација на сите прописи што треба да се изменат за да се подобри правната рамка и да се обезбеди усогласеност на законите со зголемувањето на минималната плата и соодветното зголемување на платите на судиите, обвинителите, судските и јавнообвинителските служби. Во моментов е јасно дека еден од изменетите прописи ќе биде и Законот за административни службеници за да се исклучат судските и обвинителските служби од опсегот на овој закон. Во, 2024 година, со измените на Законите со кои се регулираат платите на судиите и обвинителите, беа намалени коефициентите што дополнително влијаеше на платите на судиите и обвинителите. Планираните измени на Законите со кои се регулираат платите на судиите и обвинителите, како и на судската и јавнообвинителската служба ги инкорпорираат активностите предвидени во Акцискиот план на Развојната секторска стратегија за правосудството (2024 - 2028) со цел да се подобри положбата на судиите и обвинителите, како и на судската и јавнообвинителската служба во правосудството во согласност со стандардите на ЕУ. За измена на законите и релевантните подзаконски акти со кои се регулираат

платите, ќе се формира работна група која ќе ги опфати сите релевантни заинтересирани страни. Ќе се обезбеди и консултативен процес со поширок круг на заинтересирани страни."

### 1.2 *Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Министерството за правда, со цел надминување на постојните предизвици на вработените во јавнообвинителската служба, пристапи кон подготвка на предложеното законско решение согласно насоките во стратешките приоритети, препораките во домашните и меѓународни документи и предлогот на законот за судска служба.

Во Стратегијата и Акцискиот план предвидена е Посебната цел 1.1 Зајакнување на независноста и непристрасноста на судството и самостојноста на јавното обвинителство. Мерките планирани за спроведување на оваа цел се насочени кон натамошно зајакнување на иституционалните и финансиските гаранции за независност на судството и самостојност на јавното обвинителство.

Мерката 1.1.3 предвидува изземање на судските и јавнообвинителските службеници од статусот на административни службеници, а показател на ниво на резултат се донесени законски измени со кои судските и јавнообвинителските службеници не се сметаат повеќе за административни службеници.

Активноста 1.1.3-1 од Акцискиот план на Стратегијата предвидува Изработка на предлог закони за измена и дополнување на законите за адмиинистративните службеници, судската служба и за јавно обвинителската служба.

Предлогот на закон за јавнообвинителска служба е тесно поврзан со решенијата од Предлогот на закон за судска служба.

Министерството за правда, со цел навремено постапување во строго определените рокови од Реформската агенда (јуни 2025), формираше Работна група за законот за јавнообвинителска служба која интензивно работеше на законот, со предвидени сродни решенија како во предлог-законот за судска служба, бидејќи двата закони се однесуваат на регулирање на посебен статус на службата вработени во судовите и јавните обвинителства кои ќе овозможат зајакнување на независноста на судството и остварување на гаранциите на правосудството во согласност со стандардите на ЕУ.

Во Работната група учествуваа претставници на вработените во јавнообвинителската служба, на Министерството за финансии, Министерството за правда, претставник на академска заедница професор по административно право, претставник експерт од проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото" и претставник експерт на ОБСЕ.

Од причина што решенијата во предлог- законот за јавнообвинителска служба се сродни со решенијата од предлог - законот за судска служба, Министерството за правда заради запазување на рокот од 30 јуни 2025 година за донесување на законот, истовремено ќе го објави предлог законот на ЕНЕР и ќе го достави до Владата на Република Северна Македонија.

Министерството за правда, од горенаведените причини, го доставува Предлогот на закон за јавнообвинителска служба до Владата и Собранието на

Република Северна Македонија заради негово усвојување и донесување и остварување на Резултат: **Подобрена независност, квалитет и интегритет на судството кон вредностите на Европската Унија и обезбедување на функционална финансиска независност на судството и јавното обвинителство.**

## 2. Цели на предлог регулативата

Предлог-законот е целосно изработен со учество на претставници на вработените во јавнообвинителската служба во рамки на Работната група, врз основа на нивните барања и во корелација со решенијата од предлог-законот за сдуска служба. Во предложените решенија во Предлогот на законот за јавнообвинителска служба се инкорпорирани барањата и потребите на јавнообвинителската служба кои во текот на годините биле истакнувани, а со цел регулирање на посебниот статус на јавнообвинителската служба.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

Доколку Владата на Република Северна Македонија не го донесе Предлог-законот за јавнообвинителска служба, ќе остане непостапено по забелешките за уредување на статусот на јавнообвинителската служба со посебен закон.

*Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Владата на Република Северна Македонија да го усвои предлогот на закон за јавнообвинителска служба и да пристапи кон реализација на мерки и активности од Стратегијата и Акцискиот план, Реформската агенда и Стратегијата за човечки ресурси во јавнообвинителската служба.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

### *4.1 Економски влијанија*

### *4.2 Фискални влијанија*

Законот ќе предизвика фискални импликации со оглед на тоа што се предвидува зголемување на платата на вработените во јавнообвинителската служба, најниската плата на вработен во јавнообвинителската служба е предвидена да биде на ниво на просечната месечна нето исплатена плата. Исто така, за сите вработени во јавнообвинителската служба предвидени се додатоци на плата, како што е додаток на плата за постоење на висок ризик и доверливост во висина од 15% од износот на основната бруто плата.
Фискалните импликации се дел од фискланиот образц доставен до Министерството за финансии.

### *4.3 Социјални влијанија*

*Поголема вработеност на населението на Република Северна Македонија*

*4.4 Влијанија врз животната средина*

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

*б)трошоци за почитување на регулативата*

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Во работната група учествуваа претставници на вработените во јавнообвинителската служба, на Министерството за финансии, Министерството за правда, претставник на академска заедница професор по административно право, претставник експерт од проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото" и претставник експерт на ОБСЕ.

Во однос на одредбите од Предлог-законот кои ги регулираат платите, надоместоците од плата и додатоците на плата на јавнообвинителската служба, Работната група пристапи кон разгледување на предложеното решение за пресметка на плати во предлог-законот за судска

Во текот на постапката за консултации, предлог-законот ќе биде објавен на ЕНЕР истовремено доставен и до Владата на Република Северна Македонија.

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Предлог-законот за јавнообвинителска служба е закон со кој се уредува посебен стаутсот на јавнообвинителската служба. Во објавениот предлог-закон на ЕНЕР дадено е образложение за предлог-одредбите на законот.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Потребно е усогласување со Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор.

Предлог на законот за јавнообвинителска служба и Предлогот на закон за судска служба заедно во пакет треба се усогласени и доставени до Собранието.

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

Потребно е донесување на подзаконски акти предвидени со Предлог-законот во рок од 6 месеци од влегувањето во сила на законот.

*7.2 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за* спроведување

Сите јавни обвинителства на Република Северна Македонија, Министерството за правда, Министерството за финансии.

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

## 8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Оценка за спроведување на регулативата во рок од 4 години.

**Изјава од министерот за правда**

**Во оваа фаза Нацрт-извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен и дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:**

..................................................

20 -06- 2025

**потпис на министер**